**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 5/24-2**
**02.02.2024 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова врз основа на член 23 став 4 и член 25 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ" број 62/05...111/23), в.в. член 18 став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник" број 43/14...235/22), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 1/24 година за вработување на судски службеници на определено време, на ден 02.02.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

На Јавниот оглас број 1/24 од ден 26/01/2024 година **под точка 2** за вработување на **определено време** за работно место **„помлад судски соработник" - категорија „В" ниво 4, СЕ ИЗБИРААТ кандидатите**:

**1. АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВ**

**2. РАДИЦА МАЛИМИНОВА КОЦЕВСКИ**

Со избраните кандидати да се склучи Договор за вработување на определено време веднаш по приемот на ова одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Основен суд Неготино објави Јавен оглас број 1/24 во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" од 26/01/2024 година за вработување на определено време до 31.12.2024 година под точка 2 на двајца извршители за работно место „помлад судски соработник" - категорија „В" ниво 4.

Согласно член 18 став 6 од Законот за судска служба, вработувањето на судските службеници на определено време е **согласно Законот за работните односи.**

По завршување на огласот заклучно до 31/01/2024 година, Претседателот на судот на ден 01/02/2024 година по отварање на поднесените пријави на записник, констатира дека од вкупно поднесените три пријави, сите се за работното место под точка 2 од јавниот оглас и сите се уредни и тоа од кандидатот Радица Малиминова Коцевски со шифра ОС Неготино 1/2024-1, од

кандидатот Моника Здравкова со шифра ОС Неготино 1/2024-2 и од кандидатот Александар Николов со шифра ОС Неготино 1/2024-3. По спроведеното интервју со кандидатите, избрани се горенаведените кандидати предвид посебните услови за работното место.

Со избраните кандидати веднаш да се склучи Договор за вработување на определено време, согласно одредбите од член 13 став 7, член 14 став 2 и член 15 од ЗРО, в.в член 18 став 6 од Законот за судска служба.

По потпишување на договорот за вработување, во рок од 5 дена на неизбраниот кандидат да им бидат вратени поднесените документи кон пријавата, во смисла на член 27 од ЗРО.

Основен суд Неготино, на ден 02/02/2024 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова